## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ Д-Р СОЊА НИКОЛОВ ЗА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА ИСТОРИЈАТА И ИСТОРИЈА НА НАУКАТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-148/22 од 23.8.2018 година донесена на 123. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 23.8.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на доц. д-р Соња Николова за насловен доцент/вонреден професор област теорија на историјата и историја на науката на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 3.6.2018 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: доц. д-р Соња Николова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Соња Николова** е родена на 14 декември 1969 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во 1995 година се запишува на Филозофскиот факултетот на групата Општонародна одбарана. Истиот го завршува во 1999 година со просек 8.06. Во 2010 година се запишува на студии од втор степен на Институтот за национална историја и истите ги завршува во 2012 година со просек 10. Магистрира на тема „Партиската организација од Штип и активноста на секретарот на Месниот комитет Киро Кукушев“ во 2012 година. Во 2013 година се запишува на трет степен студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и истите ги завршува во 2015 г. со просек 10. Во 2016 година докторира на тема „Методија Шаторов-Шарло во македонското национално ослободително движење“. Работи во Собрание на Општина Штип како советник по основно образование.

*Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент*

1. Доктор по историски науки.
2. Просек на студии од прв циклус: 8.06;
   Просек на студии од втор циклус: 10.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

Научните трудови со кои доцент д-р Соња Николова ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доц. д-р Соња Николова | Состојбата на ПК на КПЈ за Македонија во времето на Методија Шаторов-Шарло | Сп. Гласник, год. 55, бр. 1-2 | Институт за национална историја, Скопје, 2011, 163-180 |
| 2 | Доц. д-р Соња Николова | Методија Шаторов- Шарло помеѓу интересите на КПЈ. БРП и Коминтерната | Сп. Историја. бр. год. 48, бр. 1 | Здружение на историчарите на Р. Македонија, Скопје, 2013, 191-206 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Доц. д-р Соња Николова, Ирена Авировиќ | Два британски документи за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес во Детроит (25-26 април 1942) | Сп. Историја L/LI, Скопје, бр.1-2, | Здружение на историчарите на Р. Македонија, Скопје, 2015/2016, 217-238 |
| 4 | Sonja Nikolova, Todor Chepreganov | The Balkan Warsas a Reason for Migration of Jews from Macedonia | Историја, год. LII, бр. 2 | Здружение на историчарите на Република Македонија, Скопје 2017, 105-114 |
| 5. | Соња Николова, Тодор Чепреганов, | Британските идеи за федерации и за конфедерации на Балканот и во Југоисточна Европа за време на Втората светска војна | Историја LII, бр.1, | Историја, Здружение на историчарите на Р. Македонија, Скопје, 2017 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја избрана е во звањето научен соработник, што според член 143 од Законот за високото образование е еквивалентно со наставничкото звање доцент. Изборот е извршен во Институтот за национална историја, Скопје. (Види: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, бр. 1132 од 14.10.2016 година). Во учебната 2017/2018 година на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип изведува настава по предметните дисциплини: Помошни историски науки во зимскиот (I) семестар на студиските програми Историја и на Историја-наставна со фонд на часови 2+2+1 и како изборен предмет на студиската програма Археологија, со фонд на часови 2+1+1. Исто така, ангажирана е и за изведување на вежбите Револуции во Латинска Америка (изборен предмет) во зимскиот (V) семестар на студиската програма Историја со фонд на часови 2+1+1. Исто така, ангажирана е и за изведување на вежбите.

Научниот интерес на доцент д-р Соња Николова се современите историски процеси од балканската и македонската историја, со посебен осврт на настаните од Втората светска војна кои имале одлучувачко влијание за развојот на македонското национално ослободително движење и формирање на македонска држава.

Во своите трудови посебен интерес пројавува кон теми кои во македонската историографија беа „бели петна“ и кои сè уште предизвикуваат контроверзии во македонската историографија од периодот на Втората светска војна. Нејзиниот докторат се однесува на една од најконтроверзните личности во македонската историографија Методи Шаторов Шарло.

Во нејзината досегашна научна работа д-р Николова се има пројавено со неколку монографии и делови од монографии во кои се осврнува на состојбите во ПК на КПЈ за Македонија и улогата на Методија Шаторов Шарло во македонското национално ослободително движење:

1. Соња Николова, Методија Шаторов Шарло секретар на ПК на КПЈ за Македонија и активноста на Штипската партиска организација, НУУБ „Гоце Делчев“ – Штип, 2012, 224.
2. Прилеп – Милениумско пулсирање 1014 – 2014, Главен и одговорен уредник д-р Владимир Караџоски Локална самоуправа на Општина Прилеп, 2014, 595 (дел од книга).
3. Соња Николова, Воената дејност и активности на Методија Ш. Шарло и ПК на КПЈ за Македонија„ во монографијата „Победничкиот истрел 71 година од утрешнината“, Ризница, Прилеп, 2012 (дел од книга).
4. Соња Николова, Методија Шаторов Шарло помеѓу чеканот и наковалната“. НУУБ „Гоце Делчев“, Штип, 2016, 391.
5. Соња Николова, Методија Шаторов Шарло во македонската историографија, Меѓународна научна конференција „Балканот: Луѓе, војни и мир, Материјали од меѓународната научна конфераенција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4-5 ноември 2013), Универзитет „Св.

Кирил и Методиј“, Институт за национална историја – Скопје, 2015, 267 – 274.

6. Соња Николова, Кризата во ПК и нејзиното влијание врз партиските организации во Западна Македонија (1941 – 1943). Д-р Владимир Полежиновски –живот и дело (Кичево, 6 декември 1912 – Скопје, 19 јуни 1980), Институт за национална историја, Совет на Општина Кичево, Скопје, 2013, 69 – 84.
7. Соња Николова, Влијанието и политиката на српските кадри во Македонското национално-ослободително движење, Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија (Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум), Битола 2016, 629-640.

Исто така, како коавтор се појавува и во зборници на документи во кои се презентираат ставовите на британските дипломатски експерти во однос на идејата на Југословенско-грчката федерација под покровителство на Велика Британија во крајот на 1941 г. и почетокот на 1942 г. како и зборник на документи кој се однесува на идеите за федерации и унии на државите по течението на реката Дунав.

8. Велика Британија и Македонија, Грчко-југословенска федерација (1941-1942), Документи, Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, м-р Ирена Авировиќ. м-р Соња Николова, м-р Зоран Нечев, Скопје, 2013, 251.
9. Велика Британија и идеите за Подунавска федерација, конфедерација и унија (документи). Превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, д-р Ирена Авировиќ, д-р Соња Николова, Здружение на историчарите на Р. Македонија, Скопје, 2016, 164.

***Од објавените документи се објавени статијата:***

10. Тодор Чепреганов, Соња Николова, Британските идеи за федерации и за конфедерации на Балканот и во Југоситочна Европа за време на Втората светска војна, Историја, Здружение на историчарите на Р. Македонија, год. LII, бр.1, 2017, 97 – 110.и монографијата:
11. Д-р Тодор Чепреганов, доц. д-р Соња Николова, Британските планови за повоеното уредување на Балканот и Југоисточна Европа, Здружение на историчарите на Република Македонија, Скопје, 2017, 207.

Во објавените прилози во списанија и зборници посебен интерес посветува на анализа на состојбите во ПК на КПЈ за Македонија во времето на Шаторов и местото и улогата на Методија Шаторов Шарло во конфликтот меѓу КПЈ и КПБ и улогата на Коминтерна за припадноста на ПК на КПЈ за Македонија. Преку користењето на објавена и необјавена архивска документација со своите анализи дава ново толкување на настаните од македонската историја.

12. Соња Николова, Состојбата на ПК на КПЈ за Македонија во времето на Методија Шаторов Шарло, сп. Гласник, год. 55, бр. 1-2, Институт за национална историја, Скопје, 2011, 163-180.
13. Соња Николова, Методија Шаторов Шарло помеѓу интересите на КПЈ. БРП и Коминтерната, сп. Историја. бр. год. 48, бр. 1, 2013, 191-206
14. Соња Николова, Кризата во ПК и нејзиното влијание врз партиските организации во Западна Македонија (1941 – 1943). Д-р Владимир Полежиновски –живот и дело (Кичево, 6 декември 1912 – Скопје, 19 јуни 1980), Институт за национална историја, Совет на Општина Кичево, Скопје, 2013, 69 – 84.
15. Соња Николова, 70 години од убиството на Борка Талески и Лазо Филиповски – Лавски, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“, Прилеп, 2014, 18-22.
16. Соња Николова, Методија Шаторов Шарло во македонската историографија, Меѓународна научна конференција „Балканот: Луѓе, војни и мир, Материјали од меѓународната научна конфераенција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4-5 ноември 2013), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за национална историја – Скопје, 2015, 267 – 274.

Исто така, нејзиниот интерес е насочен и кон прашањето на македонската емиграција во САД видена преку очите на американската служба за известување:

17. Соња Николова, Ирена Авировиќ, Два британски документи за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес во Детроит (25-26 април 1942)", Историја, год., XLIX, бр. 1-2, Здружение на историчарите на Р. Македонија, 2015/2016 (коавтор).
18. Sonja Nikolova, The Role of Macedonian Diaspora in Animating the United States, Canada and United Kingdom to Form a United, Independente Macedonian State (1944 – 1948),Macedonia 2013, 100 Years After the Treaty of Bucharest, Edited by Natasha Garrett, Legas, New York, Otawa, Toronto, 2017, 207-214.

Се осврнува и на историјата и судбината на Евреите во Македонија во периодот меѓу двете светски војни и во текот на Втората светска војна:

19. Учеството на Евреите во НОД во Македонија, Меѓународна научна конференција, Евреите во Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија, по повод 70 години од обновувањето на работата на Еврејската заедница во Република Македонија по Втората светска војна (1944 – 2014), Еврејска заедница во Република Македонија, Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, МАНУ, 18-19 декември 2014, Скопје, Република Македонија, 219-228.
20. The participation of the Jews in the National Liberation Movement, International Scientific Conference, Jews in Macedonia: History, Tradition, Culture, Language and Religion, On the occasion of the 70th anniversary of the renewal of the work of the Jewish community in Macedonia after the Second World War (1944 – 2014), Jewish Community in the Republic of Macedonia, Macedonian Academy of Science and Arts, Institute of National History, MASA, 18-19 December 2014, Skopje, Republic of Macedonia, 215-224.
21. Todor Chepreganov, Sonja Nikolova, The Balkan Warsas a Reason for Migration of Jews from Macedonia. Историја, год. LII, бр. 2, Здружение на историчарите на Република Македонија, 2017, 105-114.

Како мирот толеранцијата се застапени во учебниците по историја го презентира во прилогот.

22. Тодор. Чепреганов, Соња Николова, How are Peace and Tolerance Represented in History Textbooks for Primary and Secondary Education. Факултет за образовни науки, University "Goce Delcev", Shtip Faculty of Educational Sciences, Образованието во XXI век – состојби и перспективи – меѓународна научна конференција - Штип, 24 – 25 септември 2015 – Зборник на трудови – Education in XXI century – Conditions and Perspectives – International Scientific Conference, Shtip, September, 24-25, 2015 – Proceeding Book – Штип, 2016, 324-329. (коавтор) http://js.ugd.edu.mk/index.php/AMC/issue/current

За процесот на формирање на македонската држава зборува во прилогот:

23. Тодор Чепреганов, Соња Николова, Зоран Нечев, АВНОЈ-АСНОМ-Јалта - 8 септември 1991 година и македонската државност, Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, АСНОМ и македонската држава, Зборник на трудови од научниот собир по повод одбележувањето на седумдесетгодишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, одржан на 28 ноември 2014 година, Скопје, 2017, 139-152.

Улогата на етиката и политиката во македонската историографија го разгледува во прилогот:

24. Соња Николова, Македонската историографија помеѓу етиката и политиката, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филозофски факултет, Институт за историја, 70 години Институт за историја, Зборник на трудови од меѓународната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 годна во Скопје, УКИМ/ФЗФ, 2017, 427-438.

Како научен истражувач д-р Соња Николова учествувала во два меѓународни научноистражувачки проекти:

25. United StatesHolocaustMemorialMuseum, собирање сеќавања од преживеани лица кои биле сведоци на депортацијата на Евреите од Македонија, 2011.

26. Сензибилизација на француският јазик во основните општински училишта“ Здружение на професори по француски јазик на Р. Македонија. Национална комисија за Франкофонија и НУ-УБ „Гоце Делчев“-Штип, 2017.
27. Македонскиот идентитет во британската и американската дипломатска и обавештања кореспонденција 1919 – 1945. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. (2017-2019).

Со свои научни прилози учествувала на повеќе научни собири и конференции како автор и коавтор каде ги презентирала резултатите од своите истражувања:

28. Научна конференција: „70 години од убиството на Борка Талески и Лазо Филиповски–Лавски“ – Прилеп, 8-9 октомври 2012 год. со реферат „Состојбата во ПК 1941-мај 1942 година“.
29. Научна конференција: „Владимир Полежиноски - живот и дело (6.12.1912-19.6.1980) - Кичево, 10.12.2012 год. со реферат „ ризата во ПК и нејзиното влијание врз партиските организации во Западна Македонија“.
30. Меѓународна научна конференција „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија“, МАНУ, 12 март 2013, со реферат „11 март 1943 година и депортацијата на штипските Евреи во сеќавањата на нивните сограѓани“.
31. Меѓународна научна конференција во организација на Македонската обединета дијаспора „100 години по Букурешкиот мировен договор“: „Македонската дијаспора од САД и Канада во анимирање на Владите на САД и Обединетото Кралство за формирање на обединета, самостојна македонска држава (1944-1948)“, 24-27 јули 2013.
32. Меѓународна научна конференција по повод 65 години од формирањето на ИНИ, „Балкан-луѓе, војни, мир“, со прилог „Методија Шаторов Шарло во македонската историографија“, 4-5 ноември 2013.
33. Меѓународна научна конференција, The Great War: Regional Approaches and Global Contexts. International Conference on the Occasion of the First Centenniel of the Beginning of World War One, Sarajevo, 18th – 21st June 2014, со тема „Првата светска војна во македонската историографија“. (коавтор).
34. Меѓународен научен собир „АСНОМ и македонската државност“: Т. Чепреганов, Соња Николова, Зоран Нечев „АВНОЈ-АСНОМ-ЈАЛТА - 8.9.1991 и македонската државност“, МАНУ, 28 ноември 2014.
35. Меѓународен научен собир „Македонија и Македонците во Првата светска војна“, МАНУ, 11 декември 2014, „Состојбите во Македонија, историски, етнички, демографски, географски, стопански и сл. Во студијата на Форин офис ‘Македонија’ од 1917 година“.
36. Меѓународен научен собир „Jews in Macedonia History, Tradition, Culture, Language and Religion“ по повод 70 години од обновувањето на Еврејската заедница во Македонија по Втората светска војна (1944 – 2014), со прилог „Евреите во Македонија во Народноослободителната војна 1941–1944“ (коавтор).
37. Научно-стручната меѓународна конференција „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Р.Македонија“ со прилог „Толеранцијата и учебниците по историја во мултиетничко и мултиконфесионално општество (македонски случај)“, 13 мај 2015, Штип (коавтор).
38. Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки со прилог „Колку се застапени мирот и толеранцијата во учебниците по историја за основно и средно образование?“, Штип, 24 –25 септември 2015 (коавтор).
39. Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој“, ФОН, 3 октомври 2015, со прилог „Улогата на семејството и традицијата во процесот на образованието“.
40. Шести меѓународен научен симпозиум „Афирмација, продлабочување и проширување, на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“, 30 и 31 октомври и 1 ноември 2015, Молика-Битола во организација на Конзулатот на Р. Србија во Македонија. Со реферат „Влијанието и политиката на српските кадри во македонското НОД (1943).
41. Меѓународен научен собир: IV International Congress of the BALKANS AND MIGRATION on the 100$^{th}$ Anniversary of the First World War со научен прилог „The

Balkan Wars as a Reason for Migration of the Jews from the part of Macedonia in the Frame of the Kingdom of Serbia“, Универзитет Истанбул, 2 – 4.12.2015. (коавтор).

42. Четврта меѓународна конференција „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, со тема: „Говор на омраза меѓу учениците во основно образование, причини и облици“, Собрание на Општина Штип, Факултет за образовни науки, 18 мај 2016, Штип.
43. Меѓународна конференција, Histories (Un) Spoken. Survival and Social-Professional Integration Strategies in Communist Political Prisoners' Families in Central and Eastern Europe in the '50s and '60s, „Comrade from UDB-a Destroy them All!“, Ramnicu Sarat - Romania, 22 – 25 June 2016.
44. Меѓународна научна конференција „70 години Институт за историја - 70 години македонска историографија“ со реферат „Искористеноста на западните и балканските историски извори во македонската историографија и електронските извори“, Скопје 13-14.12.2016. Факултет за историја.
45. Меѓународна научна конференција „Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес“ со реферат „Агресијата на НАТО на СРЈ во мемоарите на Јован Јаначковиќ, прв амбасадор на СРЈ во Македонија“, 19 -20 мај 2017, Молика, Битола.

По повод одбележувањата и чествувањата на државни празници и личности држела предавања и пригодни говори:

46. Методија Шаторов Шарло секретар на ПК на КПЈ за Македонија и активноста на Штипската партиска организација – Штип, 13 февруари 2013.
47. Методија Шаторов Шарло – 117 години од неговото раѓање – Прилеп, 29.1.2013.
48. Говор на свечената академија по повод отворањето на споменикот на Методија Шаторов Шарло во Прилеп во организација на Локалната самоуправа, Друштво за наука - Прилеп и Здружение на борците - Прилеп, Библиотека „Борка Талески“, 24 .5.2016.
49. Мементо за македонските Евреи. Монопол-Треблинка-Феникс. По повод 73 години од Холокаустот на Евреите од Македонија. 10.3.2016, Општина Штип.
50. Академија по повод 100 години од раѓањето на Киро Глигоров, пригоден говор во Собрание на Општина Штип, 3.5.2017 г.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката доцент д-р Соња Николова во однос на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност била член на организационен одбор на три научни собири:

51. Советот на Општина Штип, Одделение за јавни служби во соработка со Факултетот за образовни науки во чест на 24 мај- Св. Кирил и Методиј – денот на просветните работници организира научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема *„Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“,* 13 мај 2015, Штип, собрание на Општина Штип
52. Советот на Општина Штип, Одделение за јавни служби во соработка со Факултетот за образовни науки во чест на 24 мај - Св. Кирил и Методиј – денот на просветните работници организира научно-стручна конференција со меѓународен карактер, 2016.
53. Советот на Општина Штип, Одделение за јавни служби во соработка со Факултетот за образовни науки во чест на 24 мај - Св. Кирил и Методиј – денот на просветните работници организира петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, 17 мај 2017, Штип, Собрание на Општина Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација од пријавената кандидатка доцент д-р Соња Николова, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Соња Николова со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува сите услови за да биде избрана во звање насловен доцент. Рецензентската комисија има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **кандидатката доцент д-р Соња Николова да ја избере во звање насловен доцент во научната област теорија на историјата и историја на науката на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, редовен професор во пензија, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Чепреганов, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Теон Џинго, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Монографија или научна книга | 1,4,8,9,11 | 5x10 | | | 50 |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | 2,3 | 2x6 | | | 12 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 10, 12, 13, 17, 21 | 3x6 2x9 | | | 36 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 5, 6, 7, 14, 15, 16, 19, 20, 22, 23, 24 | 11x2 | 18 | 3x1 | 25 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 46, 47,48, 49, 50 | 5x2 | | | 10 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство | 28 - 45 | 17x1,5 | | | 25.5 |
| 10 | Одбранета докторска теза | | 1x8 | | | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | | 1x4 | | | 4 |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 25, 26, 27 | 3x2 | | | 6 |
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 51-53 | 3x1 | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **179.5** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **179.5** |